Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр./Nr. 04-506
09.07.2021 год./viti
Скопје / Shkup

Врз основа на член 54 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15) и барање за запирање на постапката по јавниот оглас за вработување на определено време бр.03-505 од 09.07.2021 година , директорот на РСМ НУ „Македонски народен театар“ Скопје на ден 09.07.2021 година, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

## за запирање на покренатата постапката за селекција на кандидати по јавен оглас за вработување на определено време бр.04-445 од 10.06.2021 година

1. Покренатата постапката за селекција на кандидати за вработување на три (3) лица Актер четврта група по објавен јавен оглас за вработување на определено време бр.04-445 од 10.06.2021 година за потребите на РСМ НУ „Македонски народен театар“ Скопје, СЕ ЗАПИРА.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

РСМ НУ „Македонски народен театар“ Скопје поради намалениот обем на работа во услови на глобалната здравствено-економска криза, проектите и претставите на репертоарот се редуцирани. Исто така, согласно протоколите за работа на РСМ НУ „Македонски народен театар“ и според препораките на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за култура и Центарот за јавно здравје, капацитетот за реализација на настаните е само 30% од капацитетот на салите, со што дополнително се намалуваат сопствените средствата од продажба на билети. Постапката за вработување ќе започне повторно по нормализирање на ситуацијата и враќањето на полниот капацитет на салите за одржување на настани. Поради горенаведените причини и согласно член 54 став (4) од Законот за општата управна постапка, директорот на РСМ НУ „Македонски народен театар“ Скопје одлучи да ја запре покренатата постапка по јавен оглас за вработување на определено време бр.04-445 од 10.06.2021 година.

Врз основа на погоре неведеноето, се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение допуштена е жалба во рок од 15 дена од денот на донесувањето до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Доставено до:
- Комисијата за вработување
- Архива
- Огласна табла

Директор
Симона Угриновска